# ПРЕТСТАВНИЦИ НА МЕДИУМИТЕ

***Ваша задача како новинар***

**Значењето на медиумите во политиката** постојано се зголемува. Овие две области се сé повеќе поврзани, независно дали е тоа преку печатени медиуми, телевизија или интернет. Покрај законодавството, владеењето и правосудството тие претставуваат еден вид четврта сила во еден политички систем. Истото важи и за ЕУ:
Медиумите имаат една обемна сила на известување и информирање. Таа сила се зајакнува со фактот што политичките институции сами од себе едвај успеваат да информираат, доколку предвид не се земат брошурите за јакнење на односот со јавноста или малиот број публикации како службени весници подготвени на начин близок за публиката или, пак, држењето прес-конференции.
Медиумите дејствуваат како создавачи и менувачи на свеста преку своето постојано присуство во текст, слика и тон. На тој начин тие исполнуваат една важна задача за водење транспарентна политика во еден демократски систем. Од друга страна, мас-медиумите влијаат не само директно врз мислењата и гледиштата на луѓето, туку индиректно го сообликуваат и процесот на донесување политички одлуки. На тој начин медиумите претставуваат една квази-политичка величина, која се заканува да го замени и потисне вистинскиот актер — политиката, иако нема компаративен легитимитет за тоа.
*Според Ролф Штобер: Medien als Vierte Gewalt. Zur Verantwortung der Massenmedien (Медиумите како четврта сила. За одговорноста на мас-медиумите); во: Gerhard W. Wittkämper (Hrsg.): Medien und Politik. Darmstadt 1992, (Герхард В. Виткемпер (изд.): Медиумите и политиката), Дармштат 1992, стр. 28*

***Почитувани шефови на редакции, почитувани телевизиски репортери!***

Знаете дека во следните денови и месеци ќе бидат донесени важни одлуки по однос на проширувањето на Европската унија со нови членки. За овој временски период ослободени сте од секакви други обврски и можете целосно да се посветите на оваа тема.

Како новинари вие имате задача, да известувате за позадината, текот и резултатите од преговорите во рамките на процесот на проширување. Со вашето известување и вашите коментари извршувате важна задача со обработката на случувањата како за широката јавност така и за одделните актери што се вклучени во процесот на проширување (институции и држави) со што водите грижа за поголема транспарентност во една демократска Европа.

Распределете ги во вашиот редакциски тим различните задачи и дефинирајте кога сакате да бидете присутни на различните центри на одлучување.

Во следниот период ќе бидете присутни на овие места на одлучување, а потоа ќе се вратите во местото на вашата редакција заради консултации и пишување на статиите. Доколку е можно, поделете се во еден тим за весник и еден телевизиски тим со најмалку две лица. Како средство на располагање ви стојат: диктафон, дигитална камера Полароид, видео-камера, компјутер, монтажни ѕидови за ѕидниот весник...

Бидете свесни за фактот дека со вашето известување, вашите прашања и коментари или едноставно со вашето присуство можете да повлијаете врз политичките актери и одлуките и поставете се соодветно пред оваа одговорност.

Како искусни новинари, ви се нудат различни можности за прибирање и дистрибуирање информации. Притоа можете засилено да се концентрирате на форми од типот на „жолт“ печат или сериозно новинарство. Во поглед на различните слоеви и желби на читателите, понудете по нешто за секоја целна публика.
Вие треба:

1. да ги интервјуирате актерите (членките на Европскиот парламент, министрите од Советот на Унијата, Европската комисија и пратениците од кандидатите за пристапување);
2. да учествувате на прес-конференциите што ги даваат актерите и да подготвувате извештаи, да презентирате бекграунд-информации и да поставувате прашања што се од интерес за европската јавност;
3. да учествувате на јавните седници на различните гремиуми;
4. да известувате за преговорите и да ги објавувате вашите прилози во ѕиден весник, кој ќе биде ажуриран континуирано;
5. да се обидете да ја вклучите јавноста на самото место (на пример преку анкети на местото на одржувањето или на пешачка зона);
6. видео- односно телевизискиот тим треба да ги сними најважните преговори и да прави интервјуа. На крајот на планската игра тој филм треба да биде прикажан;
7. можно е да се организира и преглед во живо со актуелни известувања од институциите и земјите-кандидати за пристапување како и ток-шоу со политичари. Ова е добра можност особено кога Советот се повлекува заради донесување одлука, а Европскиот парламент и претставниците на кандидатите за пристапување чекаат на одлуката;
8. исто така, на крајот треба да се понуди краток весник (две до четири страници) со текот на случувањето и резултатите за учесниците;
9. наместо печатен журнал може да се изработи и една веб-страна.

Ви посакуваме многу успех во вашата работа во Брисел, Стразбур и Луксембург!

Вашите издавачи